# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**20.12.2013 год.** **Бр.XI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 11-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 19.12.2013 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на единаесеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.12.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1017/1 од 20.12.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на единаесеттата седница, одржана на 19.12.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од десеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 15.11.2013 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-997/3 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на Р.М.” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, донесе:

***О Д Л У К А***

***за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Прилеп***

**Член 1**

Советот на Општина Крушево ја утврдува иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесена од Градоначалникот на Општина Крушево бр.03-951/1 од 28.11.2013 година за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Прилеп, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Прилеп, а за сметка на Опшина Крушево, од надлежност на: градежна инспекција, урбанистичка инспекција и инспекција за заштита на животната средина.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Прилеп, за сметка на Општина Крушево врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Сите трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка ќе паднат на товар на Општина Крушево.

**Член 4**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука се доставува до Општина Прилеп заради усвојување.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-997/5 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Сл.весник на Р.М." бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка***
***меѓу Општина Крушево и Општина Прилеп***

**Член 1**

**СЕ ПРИФАЌА Предлогот** за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврден од Советот на Општина Крушево за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Прилеп, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Прилеп, а за сметка на Опшина Крушево, од надлежност на: градежна инспекција, урбанистичка инспекција и инспекција за заштита на животната средина.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-997/6 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 15 став 1 од Закон за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/2010 и 135/2011), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 19.12.2013 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон основање на Здружение "Локална Акциона Група Агро Лидер"**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Крушево пристапува како сооснович на Здружение "Локална Акциона Група Агро Лидер" со седиште во Кривогаштани.

**Член 2**

Визија на здружението е:

Здружението Локална Акциона Група Агро Лидер - Кривогаштани, е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение, формирано со слободно здружување, кое преку информирање, едукација и активирање на населението, ќе овозможи заедничка соработка на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, а заради долгорочен развој на руралните средини на територијата на Општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп.

**Член 3**

Локална Акциона Група Агро Лидер - Кривогаштани ги има следните цели:

- Да се промовира руралниот развој преку локалните иницијативи и партнерства;
- Да се подобрат животните и работните услови на територијата на која делува ЛАГ-от;
- Да се допринесе во зачувување на постојните и создавање на нови работни места;
- Да се допринесе во создавање на нови можности за одржлив развој;
- Да се допринесе во диверзификација на економските активности;
- Да допринесе за развој на територијата на која делува ЛАГ-от преку развивање на производи и услуги врз основа на поврзување на традиционалното културно и историско наследство и иновациите;
- Да обезбедува лидерство и добри практики во заедницата и во волонтерскиот сектор;
- Да се обезбеди проток на информации и трансфер на знаења со цел напредок во развојот на руралната економија и локалните заедници;
- Поттикнување на иницијативи и активности во руралните средини кои придонесуваат кон заштита и унапредување на животната средина и природата
- Да се развие меѓусебната соработка и вмрежување помеѓу заинтересираните страни на кои им е во интерес развој на руралните средини;
- Да се искористи и развива постоечкиот ендоген потенцијал за рурален развој;
- Да се зајакнат финансиските и човечките ресурси за спроведување на проекти за рурален развој;
- Да се подготват членовите и други заинтересири страни на територијата на која делува ЛАГ-от за користење на претпристапните фондови на ЕУ како и структурните фондови после пристапувањето во ЕУ како и др. извори на финансирање;

- Да води грижа за развојот на инфраструктура, еколошки и социјални, културни, економски и било која друга развој во пошироката рурална област;
- Да постапува во согласност со 7-те принципи на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот: Локална стратегија за развој заснована на одредена област, Локално јавно-приватно партнерство, Пристап „од долу нагоре“, Интегриран и повеќесекторски пристап, Иновации, Соработка и Вмрежување.

**Член 4**

Локална Акциона Група Агро Лидер - Кривогаштани ги има следните задачи:
- Изградба и зајакнување на ЛАГ-от како јавно-приватно партнерство од ЛЕАДЕР тип;
- Изработка и спроведување на Стратегија за локален развој на руралната средина врз основа на примената на принципите на ЛЕАДЕР пристапот;
-Почитување на закони, правила и стандарди во работењето, како и совесно финансиско работење;
-Развивање на мрежа на партнери на територијата на која делува ЛАГ;
-Информирање на јавноста во руралните средини за принципите на одржливиот рурален развој и ЛЕАДЕР пристапот;
-Создавање на професионални, оперативни, материјални и физички предуслови за заедничко планирање, подготока и спроведување на развојни проекти на територијата на која делува ЛАГ-от;
- Промовирање на концептот на одржлив развој преку подобра употреба со користење на пристапот "оддолу-нагоре" согласно политиката за рурален развој и регионалната политика на ЕУ;
- Поставување на приоритети за развој на руралните средини;
- Залагање за истражување и примена на алтернативни технологии за производство на енергија: сончева, хидро и енергија на ветерот и рационално трошење на на енергијата добиена од класични извори на енергија во руралните средини;
- Промовирање на иницијативи за да се постигнат целите на ЛАГ-от, во согласност со Статутот и принципите на ЛЕАДЕР пристапот;
- Застапување и лобирање пред одговорните институции во Република Македонија и странство за прашања кои ги засегаат членовите;
- Следење на законодавството и објави за јавни повици, фондовите и можностите за финансирање од интерес на членовите на ЛАГ-от и нивно информирање;
- Планирање и подготовка на заеднички проекти за рурален развој на територијата на која делува ЛАГ-от;
- Пријавување и спроведување на проекти за рурален развој;
- Давање на советодавна и техничка поддршка на членовите на ЛАГ-от за подготовка и изработка на проектната документација;
- Соработка со други ЛАГ-ови, агенции за развој, образовните институции и надлежните органи со цел едукација на своите членови и спроведување на заеднички проекти и активности,
- Градење на капацитетите на членовите и други заинтересири страни на територијата на која делува, преку организирање и одржување на обуки, работилници, научни и стручни советувања и сл;
- Организација на студиски и стручни патувања;
- Соработка со сродни домашни и меѓународни организации и
- Соработка со надлежните органи во Република Македонија и ЕУ, како и размена на искуства и знаења со другите заинтересирани страни во областа на руралниот развој.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-997/7 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ”бр.23/11, 54/11 и 155/12 и 72/2013 год), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ”бр.56/11, 162/12 и 95/2013год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2005) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.12.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправните објекти кои се вклопуваат за Димко Коларoски за КП. бр. 2734 со КП. бр. 1705 КО Свето Митрани во село Свето Митрани према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-997/8 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата (“Сл.весник на Р.М.” бр.66/04 и 89/08), член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 5 од Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2013-2018 година, бр.07-912/8 од 15.11.2013 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за подигање на Спомен обележје на месноста „Слива”***

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира подогањето на Спомен обележје на месноста „Слива”, одговорно тело за реализација на Иницијативата, правно лице кое ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на Спомен обележјето, потребните финансиски средства и извори на финасирање, видот и содржината на Спомен облежјето, местото каде ќе се подигне како и рокот за негово подигање.

**Член 2**

Советот на Општина Крушево ќе именува одбор за подигање на Спомен обележјето на месноста „Слива”, кој ќе се грижи за спороведување на постапката за подигањето на Спомен облежјето до завршување на Спомен обележјето.

**Член 3**

За чување, одржување, заштита и користење на Спомен обележјето ќе се грижи НУ „Историски Музеј” Крушево.

**Член 4**

Подогањето на Спомен обележјето ќе се финансира од страна на Министерството за култура на Република Македонија во висина од 12.000.000,00 денари, а Општина Крушево ќе учествува во партерно уредување на просторот.

**Член 5**

Спомен обележјето треба да претставува склуптура која ќе ја симболизира желбата за слобода, саможртвата, спроведувањето на наредбата во име на помалку цивилни жртви и секако огромоното херојство на паднатите борци во големата битка на месноста „Слива” како значаен настан при одбраната Крушевската Република од 1903 година.

На Спомен обележјето да биде испишан текстот што го содржи обраќањето на Ѓорги Стојанов пред комитите, пред започнување на битката.

**Член 6**

Подигањето на Спомен обележјето е на месноста „Слива”-Крушево.

**Член 7**

Рокот за подигање на Спомен обележјето е 1 година од донесување на оваа Одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-997/9 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата (“Сл.весник на Р.М.” бр.66/04 и 89/08), член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 6 од Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2013-2018 година, бр.07-912/8 од 15.11.2013 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за именување Одбор за подигање на Спомен обележје на месноста „Слива”***

1. За членови на Одборот за подигање на Спомен обележје на месноста „Слива” се именуваат:

- Никола Јованоски;
- Антигона Анѓелеска;
- Цена Матевска;
- Сашо Дамјаноски;
- Зоран Богески;
- Фаница Гогол;
- Драгана Филипоска-Куртеска;
- Аница Стојаноска;

(од редот на советниците, архитекти, технолози, историчари, и научно културни поединци)

2. Мандатот на членовите на Одборот од точка 1 на ова Решение е до завршување на Спомен обележјето.

3. Одборот распишува Јавен конкурс за изработка на идеен Проект за подигање на Спомен обележјето, ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на Спомен обележјето, го следи извршувањето на Одлуката за подигање на Спомен обележјето и доставува извештај до Советот на Општината и врши и други работи согласно Одлуката и другите прописи кои се однесуваат на реализацијата на активностите се до конечно завршување на Спомен облежјето.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-997/11 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Информацијата за искористување на средства од грантот од Светска Банка***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Информацијата за искористување на средства од грантот во врска со Проектот за подобрување на општинските услуги преку Светска Банка за искористување на средства од Проектот „Набавка на возило за собирање на смет”.

Средствата од грантот ќе се искористат за изградба на Горниот строј на крак 3-пешачка улица во населно место Свето Митрани.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-997/12 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.61/04) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.12.2013 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2013 год. до30.09.2013 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2013 год. до 30.09.2013 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-997/13 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „ Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012, 55/13 и 163 од 2013 година. ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ.. бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,(“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 19.12.2013 година ја донесе следната:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на општина крушево за 2013год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 год, бр.07-678/24 од 30.08.2013 година, бр. 07-732/11 од 19.09.2013 година и 07-879/15 од 07.11.2013 година. се дополнува во точка 2 со став 2.22 и гласи:

**2.22. Детален Урбанистички План за ГРАТСКА ЧЕТВРТ 3**
**блок 3.1, за хотел Илинден.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Детален Урбанистички План за за хотел Илинден се усогласени со новиот ГУП за град Крушево **за** ГРАТСКА ЧЕТВРТ 3 блок 3.1, прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

2.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2012 година, бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на општина крушево за 2013год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 год, бр. 07-678/24 од 30.08.2013год, бр. 07-732/11 од 19.09.2013 година и 07-879/15 од 07.11.2013 година.

**Бр.07-997/16 од 19.12.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на единаесеттата седница на Советот на Општина Крушево ........................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од десеттата седница на Советот на Општина Крушево ............................................................ 1
3. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2013 година .................................................... 1
4. Одлука за утврдување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Прилеп ....................................... 1
5. Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Прилеп ....................................... 2
6. Одлука за пристапување кон основање на Здружение „Локална Акциона Група Агро Лидер” ............................................................... 2
7. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево ........................................... 3
8. Одлука за подигање на Спомен обележје на месноста „Слива” ............................................. 4
9. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино споведување ....................................... 4
10. Решение за именување на Одбор за подигање на Спомен обележје на месноста „Слива” ............................................................... 4
11. Заклучок за прифаќање на информацијата за искористување на средства од грантот од Светска Банка .......................... 5
12. Заклучок за усвојување на квартален извешатај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за период од 01.01.2013 година до 30.09.2013 година ................................ 5
13. Програма за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезона 2013/2014 година.
14. Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Крушево за 2014 година .................................................................. 5
15. Дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година ....................................................  5
16. Развојни програми 2014-2016 година ........... 5

Редакциски одбор на Општина Крушево.